# ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕНОТ НА НАТО И УПОТРЕБА НА ЗНАМЕТО НА НАТО ОД СТРАНА НА ДРЖАВИТЕ ЧЛЕНКИ И ДРЖАВИТЕ ВО ПРОЦЕС НА ПРИСТАПУВАЊЕ

**-кратка информација-**

*Скопје, мај, 2023 година*

Предмет на оваа истражувачка работа е начинот на одбележување на денот на потпишувањето на Северноатлантскиот договор, 4. Април, како Ден на НАТО од страна на поголем дел од државите членки на Алијансата, со посебен фокус на правилата (независно дали во вид на пишани норми или на воспоставени обичаи) за истакнување на знамето на НАТО пред или во објектите на владите, некои од министерствата и парламентите на споменатите држави. Конкретно, изработената кратка информација ги опфаќа следните прашања: дали владите го одбележуваат Денот на НАТО преку подигнување на знамето на НАТО; дали парламентите го одбележуваат Денот на НАТО преку подигнување на знамињата на НАТО или на Парламентарното собрание на НАТО; дали во државите традиционално се практикуваат (и) други начини на одбележување на Денот на НАТО од страна на владите или парламентите (свечени изјави, приеми, настани, натпревари, награди и сл.); и, активностите на националните парламенти на државите членки насочени кон промовирање на Парламентарното собрание на НАТО (во рамките на отворени денови, конференции, публикации и сл.).

Информациите претставени во оваа кратка информација се преземени од прашалникот бр. 5233 на Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација (ЕЦПРД), испратен од страна на Горниот дом на Парламентот на Сојузна Република Германија (Бундесрат). Со кратката информација се опфатени одговорите од сите 26 држави членки на НАТО, односно држави во процес на пристапување кон НАТО, кои го одговориле прашалникот – Албанија, Белгија, Бугарија, Канада, Хрватска, Чешка, Данска, Естонија, Финска, Франција, Германија, Грција, Унгарија, Латвија, Литванија, Црна Гора, Холандија, Норвешка, Полска, Португалија, Романија, Словачка, Словенија, Шпанија, Шведска и Туркије.

Кратката информација е изработена по сопствена иницијатива согласно *Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт во Собранието на Република Северна Македонија.*

Во однос на првото прашање опфатено со оваа истражувачка работа – **одбележувањето на Денот на НАТО преку свечено подигнување на знамето на Алијансата пред седиштата на владите или некои министерства**, државите членки можат да бидат поделени во три групи:

1. држави членки на НАТО кои го одбележуваат Денот на НАТО (на 4 април или на некој друг датум определен со националното законодавство), меѓу другото, и со свечено подигање на знамето на НАТО пред седиштата на владите и/или на некои од министерствата;

2. држави членки кои не го добележуваат Денот на НАТО на ваков начин, но кои имаат постојано истакнато знаме на НАТО пред седиштата на владите и/или на некои од министерствата; и,
3. држави членки кои не го одбележуваат Денот на НАТО на ваков начин и кои не го истакнуваат знамето на НАТО пред владините институции.

Во првата група на држави можат да бидат класифицирани, целосно или делумно, единаесет од дваесет и шесте држави членки на НАТО кои го одговориле прашањето на ЕЦПРД – Албанија, Бугарија, Германија, Грција, Унгарија, Литванија, Црна Гора, Норвешка, Полска, Романија и Словенија. И покрај тоа што генерално можат да бидат класифицирани во една група, меѓу овие држави сепак постојат одредени разлики и специфики. Најголем дел од државите од оваа група го одбележуваат Денот на НАТО, меѓу другото, со подигнување на знамето на НАТО пред нивните министерства за одбрана (Унгарија, Литванија и Црна Гора), пред нивните министерства за надворешни работи (Германија, Грција и Норвешка), или пред двете споменати министерства (како што е случајот со Словенија). Кај две од државите од оваа група (Албанија и Полска), Денот на НАТО се одбележува со подигнување на знамето на НАТО пред повеќе институции од централната власт и локалната самоуправа, додека Денот на НАТО во Бугарија се одбележува, меѓу другото, и со истакнување на знамето на НАТО на видно место пред повеќе јавни згради. Романија претставува специфичен случај по тоа што Денот на НАТО претставува државен празник воспоставен со Законот бр. 390/2004, кој се одбележува со свечена церемонија на подигнување на националното знаме и знамето на НАТО, а на која учествуваат министерот за одбрана и други високи гости.

Исто така, треба да се одбележат разликите меѓу државите од првата група во однос на датумот кога се одбележува Денот на НАТО. Додека најголем дел од овие држави го одбележуваат денот на потпишувањето на Северноатлантскиот договор, 4. Април, како Ден на НАТО, Полска и Црна Гора како Ден на НАТО го одбележуваат денот на нивното стапување во полноправно членство во Алијансата – 12 март (Полска), односно 5 јуни (Црна Гора). Романија претставува специфичен случај и од овој аспект – согласно споменатиот Закон, Денот на НАТО се одбележува на првиот ден недела од месец април.

Во државите од втората група, слично со македонскиот случај, знамето на НАТО е постојано истакнато пред одредени владини институции. Меѓу државите од оваа група исто така постојат одредени разлики, при што (според нивните одговори на Прашалникот на ЕЦПРД бр. 5233)

- во Хрватска, знамето на НАТО е постојано истакнато, заедно со државното знаме на Република Хрватска и знамето на Европската Унија (ЕУ), пред зградата на Министерството за одбрана;
- во Естонија, знамето на НАТО е постојано истакнато на, односно пред зградите на Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана и Генералштабот на Естонските одбранбени сили;
- во Латвија, знамето на НАТО е постојано истакнато на зградите на Министерството за одбрана и Здружениот штаб на Националните вооружени сили на Латвија, како и пред дел од командите и единиците на вооружените сили, определени со одлука на министерот за одбрана; и,
- во Словачка, знамето на НАТО е постојно истакнато единствено пред Министерството за одбрана.

Во рамките на оваа група можат делумно да бидат класифицирани и две држави од претходната група – Унгарија и Бугарија, кај кои знамето на НАТО е исто така постојано истакнато пред нивните министерства за одбрана.

Во третата група држави спаѓаат девет држави членки на НАТО – Белгија, Канада, Чешка, Данска, Франција, Холандија, Португалија, Шпанија и Туркије, како и Финска и Шведска како држави во процес на пристапување кон НАТО. Според испратените одговори на Прашалникот на ЕЦПРД бр. 5233, овие држави не го одбележуваат Денот на НАТО со свечено подигнување на знамето на НАТО пред владините институции, ниту пак знамето на НАТО е постојано истакнато пред нивните владини институции.

Во однос на второто прашање опфатено со оваа истражувачка работа – **одбележувањето на Денот на НАТО од страна на парламентите преку свечено подигнување на знамето на НАТО или знамето на Парламентарното собрание на НАТО**, најголем дел од државите одговориле дека кај нив не е воспоставена таква пракса. Во случаите на Хрватска, Чешка, Унгарија и Романија постојат делумни исклучоци од оваа генерална пракса. Иако и во овие држави не е воспоставена пракса за одбележување на Денот на НАТО преку свечено истакнување на знамето на НАТО пред или во зградите на парламентите, сепак кај некои од спомenатите држави е воспоставена пракса за свечено истакнување на знамето на НАТО по други поводи, додека кај некои од споменатите држави знамето на НАТО е постојано истакнато пред или во зградите на нивните национални парламенти:

- во случајот на Хрватска, знамето на НАТО се истакнува внатре во зградата на Хрватскиот сабор по повод јубилејни годишнини од стапувањето во полноправно членство на НАТО (на тој начин биле одбележани 5-годишнината и 10-годишнината од членството на Хрватска во Алијансата, а се планира на истиот начин да биде одбележана и претстојната 15-та годишнина);
- во случајот на Чешка, знамето на НАТО било истакнато на зградата на Сенатот по повод 23-та годишнина од полноправното членство во НАТО;
- во случајот на Унгарија, знамето на НАТО е постојано истакнато во салата во која своите седници го одржува парламентарниот Комитет за одбрана; и,
- во случајот на Романија (слично како во македонскиот случај), знамето на НАТО е постојано истакнато на јарбол пред зградата на Парламентот.

Во однос на третото прашање опфатено со оваа истражувачка работа – **дали во државите традиционално се практикуваат (и) други начини на одбележување на Денот на НАТО од страна на владите или парламентите (свечени изјави, приеми, настани, натпревари, награди и сл.)**, девет од државите одговориле негативно, односно дека не се практикуваат други начини на одбележување на овој ден, различни од наведените во одговорите на претходните прашања. Во оваа група на држави спаѓаат: Белгија, Хрватска, Финска, Франција, Грција, Норвешка, Полска, Словенија и Шведска. Останатите држави во своите одговори навеле неколку дополнителни начини на одбележување на Денот на НАТО:

- официјални изјави и обраќања на високи државни функционери, како редовна пракса во Албанија, Бугарија, Канада, Естонија, Германија, Латвија, Романија, Словачка и Туркије;

- организација на конференции и семинари посветени на теми поврзани со НАТО и членството на соодветната држава во НАТО, како пракса застапена во Унгарија, Португалија и Романија;
- организација на јавни настани со поголемо присуство и учество на граѓаните, како концерти на воени оркестри, фестивали, изложби, промоции на публикации и сл., кои во различна форма и по различни поводи (Ден на НАТО или јубилејни годишнини на НАТО или членството во НАТО) се организирани во Бугарија, Чешка, Данска, Унгарија, Литванија, Романија и Шпанија; и,
- мултимедијални настани, најчесто врз основа на проекции на знамињата на НАТО или боите на НАТО врз познати јавни згради, мостови и сл., кои како пракса се застапени во Бугарија, Естонија, Холандија, Романија и Чешка.

Во однос на четвртото прашање опфатено со оваа истражувачка работа – **активностите на националните парламенти на државите членки насочени кон промовирање на Парламентарното собрание на НАТО**, четиринаесет од државите одговориле дека нивните национални парламенти не преземаат посебни активности во таа насока. Во оваа група на држави спаѓаат: Албанија, Канада, Чешка, Данска, Естонија, Латвија, Литванија, Црна Гора, Холандија, Полска, Португалија, Словенија, Шведска и Туркије, Во одговорите на останатите држави се претставени следните активности на нивните национални парламенти насочени кон промовирање на ПС на НАТО:

- промоција преку посебен раздел на официјалната интернетска страница на парламентот (во Белгија, Франција, Унгарија, Норвешка и Шпанија);
- промоција преку организација на заседанијата на ПС на НАТО (во својство на домаќин) или преку коорганизација на друг вид заеднички настани (конференции, семинари, изложби, концерти) со ПС на НАТО (во Бугарија, Хрватска, Грција, Унгарија, Романија, Словачка и Шпанија);
- промоција на ПС на НАТО и активностите на националните делегации во ПС на НАТО преку годишните извештаи за работата на парламентите (во Финска и Франција);
- промоција како одделна тематска целина во рамките на презентациите од видот „отворен ден на Парламентот“, придружени со соодветни промотивни печатени материјали (во Германија); и,
- промоција преку јубилејна публикација издадена по повод 50-та годишнина на ПС на НАТО (издадена во Франција, а во која со свој придонес се вклучени , покрај Францускиот парламент, и парламентите на Германија, Белгија, Канада, Данска, Италија, Литванија, Луксембург, Норвешка, Словенија и Туркије).

Изработил: Илија Милчевски

Одобрила и согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарниот институт,

__________________________

м-р Златко Атанасов


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384